ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ ОХРИД

**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**18ти јануари 2011, Скопје**

**Предавање на почесниот гостин Н.Е. Георг фон Хабсбург**

**Тема: „Приоритетите на Европската Унија за време на Унгарското претседавање и унгарските искуства во процесот на пристапување кон Европската Унија“**




**Институтот за економски стратегии и меѓународни односи Охрид** во соработка со Паневропската унија на Македонија одржа предавање во чест на почесниот гостин Н.Е. Георг фон Хабсбург, Амбасадор за Европски прашања во Владата на Република Унгарија. Н.Е. Георг Фон Хабсбург е најмалиот син на Ото фон Хабсбург, последниот император на Австро-Унгарија и наследник на династијата Хабсбург. Темата на која говореше ценетиот гостин од Унгарија е: „Приоритетите на Европската Унија за време на Унгарското претседавање и унгарските искуства во процесот на пристапување кон Европската Унија“.

Предавањето се одржа во хотел Холидеј ин, а покрај ценетиот гостин се обратија и претседателот на Паневропската унија на Македонија г-дин Марјан Ѓорчев и Почесниот претседател на Институтот Охрид г-дин Андреј Лепавцов.

Почитуваниот г-дин Хабсбург на предавањето зборуваше за процесот на интегрирање во Европската унија, ги сподели искуствата од Унгарија и напомена дека билатералните односи не треба да претставуваат пречка за интеграција на една држава. Г-динот Хабсбург ја истакна својата поддршка за Република Македонија, за нејзината независност и нејзиниот прием кон Европското семејство. Предавањето беше посетено од широк аудиториум меѓу кои дипломатксиот кор во Република Македонија, претставници на Владата и институциите на Република Македонија, невладиниот сектор, независни аналитичари, претставници на политичките партии во Република Македонија, како и медиумите кои во целост го покрија предавањето.

Н.Е. Георг фон Хабсбург ја посети Македонија за да го прими Орденот за заслуги за исклучителен придонес во јакнењето на меѓународната положба и углед на Република Македонија во име на својот татко д-р Ото фон Хабсбург.

---

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk